Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-669/5 од 05.02.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 05.02.2016 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година.

Вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на утврдениот износ од 139.544.300,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на одредени расходни ставки, и тоа:

- Да се зголеми групната ставка **402 Инвестиционо одржување на средствата** за 80.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.444.600,00 денари истата да изнесува 3.524.600,00 денари.

- Позицијата **402030 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер**, наместо досегашниот износ од 627.000,00 денари ќе се зголеми за 80.000,00 денари и ќе изнесува 707.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на антивирус програма за потребите на Агенцијата.

- Да се отвори нова групна ставка **440 Средства за градежни објекти** и истата да изнесува 175.000,00 денари.

- Да се отвори нова позиција **440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти** и истата да изнесува 175.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за адаптација на постоечкиот деловен објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“.

- Да се намали групната ставка **412 Премии за осигурување** за 255.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 500.000,00 денари истата да изнесува 245.000,00 денари.

- Позицијата **412100 Премии за осигурување недвижности и права**, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се намали за 175.000,00 денари и ќе изнесува 125.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за адаптација на постоечкиот деловен објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“.

- Позицијата **412200 Премии за осигурување на моторни возила**, наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари ќе се намали за 80.000,00 денари и ќе изнесува 120.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на антивирус програма за потребите на Агенцијата.

2. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

# О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-669/5 од 05.02.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 5-та седница одржана на 05.02.2016 година, донесе одлука да се одобри ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година.

Имено, вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на утврдениот износ од 139.544.300,00 денари, бидејќи само се врши прераспределба на средствата на одредени расходни ставки, и тоа: ќе се зголеми групната ставка 402 Инвестиционо одржување на средствата за 80.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.444.600,00 денари истата ќе изнесува 3.524.600,00 денари.

Позицијата 402030 Поправки, извршување на добрата, сервис, монтажа – хардвер и софтвер, наместо досегашниот износ од 627.000,00 денари ќе се зголеми за 80.000,00 денари и ќе изнесува 707.000,00 денари. Овие средства кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на антивирус програма за потребите на Агенцијата.

Исто така, ќе се отвори нова групна ставка 440 Средства за градежни објекти и истата ќе изнесува 175.000,00 денари.

Воедно, во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година, ќе се отвори нова позиција 440100 Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти и истата ќе изнесува 175.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за адаптација на постоечкиот деловен објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“.

Во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година, ќе се намали групната ставка 412 Премии за осигурување за 255.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 500.000,00 денари истата ќе изнесува 245.000,00 денари.

Позицијата 412100 Премии за осигурување недвижности и права, наместо досегашниот износ од 300.000,00 денари ќе се намали за 175.000,00 денари и ќе изнесува 125.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за адаптација на постоечкиот деловен објект на Агенцијата, Палата „Панко Брашнаров“.

Позицијата 412200 Премии за осигурување на моторни возила, наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари ќе се намали за 80.000,00 денари и ќе изнесува 120.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за набавка на антивирус програма за потребите на Агенцијата.

Врз основа на горенаведеното, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-704/1

05.02. **2016 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Скопје

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот,
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи; и
- Архивата на Агенцијата.